| | Документ: **FFM QT 1030-59**<br>**Временска табела за УЕФА лиценцен систем и финансиски фер плеј** | |
|---|---|---|
| | **Верзија: 4**<br>**Ревизија:** | Страни:4 |
| | Подготвил и ревидирал:<br>Потпис / Датум: 09.01.2014 | Одобрил Генерален секретар:<br>Потпис / Датум: 09.01.2014 |

Со цел да се добие лиценца за учество во натпреварите во организација на УЕФА за сезона 2023/2024 согласно Правилникот за лиценцирање верзија 9, како и Финансискиот Фер плеј, следниве активности и рокови ќе бидат применливи:

| активност | Краен рок |
|---|---|
| 1. Барателот на лиценца поднесува пријава за лиценцирање до Одделението за лиценцирање при ФФм заедно со такса од:<br><br>- уплатена такса за лиценцирање; | *Најдоцна до* ***20.12 т.г.*** |
| 2. Барателот на лиценца доставува Програма и/или Извештај по програма за развој на младински фудбал на одобрување до Комисија на Фудбалски Тренери при ФФМ.<br><br>Барателот на лиценца доставува Одлука за избор на друштво за ревизија, договор со друштвото за ревизија за извршување на услуги и потврда од ИОРРМ дека за непостоење на постапки и дисциплински мерки против избраното друштво за ревизија, вклучително и опомена во последните 3(три) години. | *Најдоцна до* ***15.01 т.г.*** |
| 3. Подносителот на барањето за лиценца сите пропишани документи ги доставува до Одделението за лиценцирање:<br>а) спортски, инфраструктурни, персонално-административни и правни критериуми;<br><br>б) финансиски критеируми | *Најдоцна до* ***01.03 т.г***<br><br>*Најдоцна до* ***01.04 т.г*** |
| 4.Издавање на Сертификат за користење на Стадион за одигрување на УЕФА натпреварите од страна на Одделението за лиценцирање врз основа на претходно мислење на Комисијата за стадиони и безбедност. | *Најдоцна до* ***31.03 т.г*** |

| | |
|---|---|
| 5.Писмена изјава од раководството на барателот за лиценца за постоење на настани или состојби кои се од голема економска важност се доставува **најрано 7 (седум) дена** пред донесување на одлуката на Комисијата за лиценцирање.<br>За точниот период под кој треба да се подготви писмената изјава, Одделението за лиценцирање ќе го извести барателот за лиценца **најдоцна 7 (седум) дена** пред датумот на одржување на седницата на Комисијата за лиценцирање. | *Најрано **7 (седум)** дена*<br><br>*Најдоцна **7 (седум)** дена* |
| 6.ЛМ ги проверува документите доставени до барателот на лиценца во пропишаниот рок и по претходна комуникација како истите треба да бидат доставени. (по претходно организиран распоред на документи).<br>Доколку документите не бидат распоредени во клубското досие како што е побарано ЛМ ќе го врати досието на клубот на повторно средување на документацијата.<br><br>Во процесот на разгледување на документацијата ЛМ може да побара дополнителни информации, разјаснување и врши непосреден увид на инфраструктурата.<br><br>ЛМ ја доставува добиената документација од барателите на лиценца до експертите од Одделението за лиценцирање за анализа и понатамошна проверка.<br>Експертите ги разгледуваат сите аспекти од поединечните барања за добивање на лиценца и доставуваат извештај до ЛМ.<br>ЛМ ги разгледува извештаите од експертите и подговува извештај до Комисијата за лиценцирање.<br>Извештајот до Комисијата се доставува најдоцна 5 (пет) дена пред одржување на седницата. | *Рок: **01.03 – 28.04 т.г.***<br><br>најдоцна **5 (пет)** дена |
| 7.Сите кубови од Првата МФЛ ( без разлика на тоа дали се пријавила за учество во УЕФА натпреварувањата) мора да го пополнат извештајот во софтверот на УЕФА (CL/FFP IT tool) согласно финансиските извештаи за 2022 година.Ова ќе се користи за извештајот кој го користи УЕФА за benchmarking.Истите овие податоци ќе преставуваат основа за оние клубови кои ќе треба да ги внесат податоците во Јуни за недоспеани обврски заклучно со 30.06). | ***Најдоцна до 30 Април т.г.*** |

| | |
|---|---|
| 8. Сите одлуки на Комисијата за лиценцирање мора да бидат донесени. | *Најдоцна до* ***05.05 т.г.*** |
| 9. Рок за доставување на сите одлуки до барателот на лиценца, донесени од страна на Комисијата за лиценцирање е **3 (три)** дена од датумот на одржувањето на седницата. | *Рок:**3(три) дена*** |
| 10. Доколку Комисијата за лиценцирање оцени дека подносителот на барањето за лиценца не ги исполнува условите за добивање на лиценца за тоа ќе добие соодветна одлука.<br>Олуката мора да биде во писмена форма со детално образложение, односно причините поради кое е одбиено издавањето на лицена.<br><br>На одлуката од Комисијата за лиценцирање подносителот на барањето за лиценца има право на жалба која мора да биде поднесена во рок од 5 (пет) дена од приемот на првостепената одлука.<br>Жалбата се доставува во писмена форма до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Одделението за лиценцирање односно преку ЛМ со уплатена такса за поднесување жалба. | *Рок на поднесување:*<br>***3(три)*** *дена од приемот на одлуката* |
| 11.ЛМ оценува дали жалбата е поднесена во пропишаниот рок и составува извештај до Комисијата за жалби.<br><br>Комисијата за жалби ја свикува Претседателот.<br>Сите одлуки на Комисијата за жалби мора да бидат донесени во писмена форма со детално образложение. | *Најдоцна до* ***25.05 т.г.*** |
| 12.Доколку лиценцата е одбиена, рок за доставување на таквата одлука до барателот за лиценца е 2 (два) дена. | *Рок:* ***2 (два)*** |
| 13.Лиценцата е издадена | *Најдоцна до* ***25.05 т.г.*** |
| 14.ЛМ по завршување на постапката доставува список до УЕФА со соте подносители на барања кои се стекнале со лиценца и кои во рокот пропишан од УЕФА и ФФМ ќе поднесат пријави за учество во УЕФА клубските натпреварувања доколку тоа право го стекнале на основа на постигнатите спортски резултати. | *Најдоцна до* ***31.05 т.г.*** |

| | |
|---|---|
| 15.Клубски мониторинг (Финансиски Фер плеј)<br>Внесување на податоци од страна на оние клубови кои се квалификувале за учество во натпреварувањата на УЕФА, во софтверот на УЕФА (CL/FFP IT tool).Податоци кои ќе треба да се пополнат се:<br>-Информации за клубот (однесувајќи се за 2021 и 2022);<br>-Проширени досепани плаќања заклучно со 30.06.2023<br>- Break even информации за известувачки период заклучно со крај на 2022 (период Т-1) кој е претходно внесен со податоците заклучно со 30.04 за финансиска година 2022. | *Најдоцна до **10.07 т.г*** |
| 16.Доколку клубот не ги внел бараните податоци како и доколку постои прекршување на некои од индикаторите заклучно со 30.06 истиот се задолжува тоа да го направи најдоцна до 15.10 | *Најдоцна до **10.10 т.г*** |

Непочитувањето на горенаведените рокови и активности води кон недобивање на лиценца.

| | |
|---|---|
| Подготвил: Филип Поповски | Одобрил: |
| Датум: 15.12.2022 | Датум: |